# КОНТРОЛЕН СПИСОК НА ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И СОЦИЈАЛНИТЕ ПРАШАЊА (ПУЖСССП)

## *Санација на постоен пат, бул. „Тодосија Паунов“ во град Кочани, Општина Кочани*




Ноември 2019

Изработила:

М-р Славјанка Пејчиновска-Андонова, Инженер за животна средина

Експерт за животна средина и социјални аспекти

# Содржина

1. Вовед ..... 5
2. Еколошка категорија ..... 5
3. Потенцијални влијанија врз животната средина ..... 6
4. Цел на Контролниот список на ПУЖССП ..... 6
5. Примена на Контролниот список на ПУЖССП ..... 8
6. Следење и известување ..... 8

АНЕКС I: Контролен список на ПУЖССП за работите на санација ..... 10

АНЕКС II: Опис на локацијата ..... 33

АНЕКС III Записник од одржана јавна расправа во Општина Кочани ..... 35

СЛИКИ

Слика 1 Локација на санацијата на улицата во Кочани ..... 33

Слика 2 Емералд подрачја и Значајни подрачја за птици во поширокото подрачје на проектната локација кои ќе бидат негативно погодени од градежните активности ..... 34

КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| ЕиС | Еколошки и социјални |
| РУЖССП | Рамка за управување со животната средина и социјалните прашања |
| ПУЖССП | План за управување со животната средина и социјалните прашања |
| СЖССА | Стандарди за животната средина и социјалните аспекти |
| ЕУ | Европска Унија |
| ЗиБ | Здравје и безбедност |
| ЗПП | Значајно подрачје за птици |
| ППЛП | Проект за поврзување на локалните патишта |
| ПБМ | Податоци за безбедност на материјалите |
| МТВ | Министерство за транспорт и врски |
| БЗРМ | Здравје и безбедност на работното место |
| ЕСП | Единица за спроведување на проектот |
| СЛЗ | Средства за лична заштита |
| РМ | Република Македонија |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| СБ | Светска банка |

# 1. Вовед

Патната инфраструктура во Република Северна Македонија се состои од национални, регионални и локални патишта, од кои приближно 65% од вкупната должина на сите патишта отпаѓа на локални. Националните и регионалните патишта се под ингеренција на институциите и претпријатијата на национално ниво, додека за инфраструктурата на локални патишта надлежни се локалните власти.

Локалната патна мрежа е во лоша состојба, како резултат на незадоволителното одржување на патиштата заради недостигот на финансии, главно заради слабоста на меѓународните инвестиции во секторот транспорт и дистрибуција и сл. Главна причина за лошата состојба на патиштата е тоа што секој регион на Република Северна Македонија управува со различни финансиски капацитети, поради што одредени региони немаат доволно финансиски средства за надградба/санација на постојните патишта што водат до болници, училишта и пазари, така што ова прашање носи и социјални проблеми.

За целите на санација на постојната локална патна инфраструктура (урбаните/руралните улици, регионалните и локалните патишта), пешачките патеки, уличното осветлување, одводнувањето и градењето на капацитетите на општинскиот персонал, инвестиција од 70 милиони евра обезбедени од Светската банка ќе биде реализирана преку Министерството за транспорт и врски по пат на спроведување на Проектот за поврзување на локалните патишта (ППЛП).

# 2. Еколошка категорија

За решавање на потенцијалните еколошки и социјални проблеми на Проектот, во октомври 2019 година ќе биде изготвена Рамка за управување со животната средина и социјалните прашања (РУЖССП) како дел од ППЛП на МТВ, од страна на Експертот за животна средина и социјални аспекти (ЕЖССАс), што е во согласност со барањата на Светската банка. РУЖССП претставува алатка за Оцена и управување со еколошките и социјалните стандарди, што овозможува спроведување на длабинска анализа на еколошките и социјалните проблеми.

Прелиминарниот скрининг според класификацијата на ризик на Светска банка утврди две категории на ризик на под-проектите: значителен или умерен ризик, за кои треба да се подготват различни инструменти за должна анализа.

„Проектите со значителен ризик“ бараат ПУЖССП специфични за конкретната локација, кои треба да содржат информации специфични за локацијата, како и мерки на ублажување и план за следење.

„Проектите со умерен ризик“ бараат изготвување на Контролен список на ПУЖССП, со кој се утврдуваат потенцијалните можности за подобрување на животната средина и се препорачуваат мерки на превенција, сведување на минимум и ублажување на неповолните еколошки и социјални влијанија.

Табела на еколошки скрининг за под-проектите на ППЛП

| Видови проектни активности | Потребни документи за оцена на животната средина | Применливо во однос на: |
|---|---|---|
| 1 | Планови за управување со животната средина и социјалните прашања (ПУЖССП) за секоја поединечна надградба (потпроект) | Работи на надградба на локалните патишта (интервенции во трупот и структурата на патот, во дополнение на замената на тротоарот, при што со работите на надградба ќе се интервенира заради зајакнување на трупот на патот и поставување нови тротоари). |
| 2 | Контролен список на ПУЖССП | Санација на постојните локални патишта/улици (подобрување на состојбата на патот без менување на основните функционални карактеристики – менување на асфалтниот слој и негова замена со нов, крпење и други работи на средување на површината на патот, итн.) |

## 3. Потенцијални влијанија врз животната средина

Се очекува потенцијалните ризици и влијанија на реализацијата на ППЛП за проектни од помал обем, да бидат привремени и/или реверзибилни, со мала магнитуда и специфични за конкретната локација. Тие влијанија се поврзани со:

- прашина и емисии на гасови,
- потенцијално загадување на почвата и водните ресурси (инцидентни истекувања на моторни масла, средства за подмачкување, гориво, итн...),
- создавање различни видови опасен и неопасен отпад,
- бучава,
- краткотрајно нарушување на биотопот,
- можен привремен прекин на тековниот сообраќај,
- безбедност во сообраќајот,
- безбедност и здравје при работа,
- локално негативно влијание врз почвата и водата, и
- оштетување на пристапните патишта.

## 4. Цел на Контролниот список на ПУЖССП

Контролниот список на ПУЖССП ќе се користи за проектите за санација на локалните патишта - едноставни, помалку ризични потпроекти, кои обично се состојат само од промена на асфалтот или дренажа на излезниот пат. Контролниот список на ПУЖССП претставува „прагматична добра практика“ и е осмислен така што да биде лесен за употреба и компатибилен со барањата за заштита на СБ и рамката за еколошките и социјалните стандарди. Овој документ ќе помогне во оценувањето на потенцијалните влијанија врз животната средина поврзани со предложениот

под-проект, во утврдувањето на потенцијалните можности за подобрување на животната средина и во препорачувањето мерки на превенција, сведување на минимум и ублажување на неповолните еколошки и социјални влијанија.

Контролниот список на ПУЖССП е документ кој е изготвен од страна на корисникот, кој е и одговорен за него. Процесот на проектирање и спроведување на работите предвидени во под-проектот ќе се одвива во три фази:

1) Фаза на општа идентификација и опсег, во која ќе се извршат потребните работи на санација на патиштата. Во оваа фаза може да се утврдат потенцијалните негативни/неповолни влијанија, врз основа на извршените работи. Деловите 1, 2 и 3 се изработени како нацрт-верзија. Вториот дел од Контролниот список на ПУЖССП ги содржи сите типични активности и нивната поврзаност со типичните еколошки проблеми и соодветните мерки на ублажување.

2) Оваа фаза ги содржи техничките спецификации на проектот и проценета на трошоците за градежни работи и другите услуги поврзани со под-проектот. Во оваа фаза се дефинира тендерот, доделувањето на договорите за изведување на работите и обврските утврдени во договорот на Изведувачот. Во оваа тендерска фаза, Контролниот список на ПУЖССП треба да се објави.

3) Во текот на фазата на спроведување, Изведувачот ги спроведува мерките на ублажување и следење пропишани во Контролните списоци на ПУЖССП, додека на соодветната локација се обезбедува сообразност со еколошките стандарди (Контролниот список на ПУЖССП и регулативата за животна средина, здравје и безбедност (ЗиБ)) и другите квалитативни критериуми, а нивната примена ја проверува/надгледува Надзор, кој може да биде надзорен инженер или надзорен консултант, ангажиран од страна на Опшптината.

Во текот на градежната фаза на проектот, мерките на ублажување и следење пропишани во Контролните списоци на ПУЖССП ги спроведува Изведувачот. Сепак, целокупната одговорност за усогласеноста останува на Заемокорисникот/Единицата за спроведување на проектот. Сообразноста со еколошките и квалитативните критериуми ги испитува надзорникот, т.е. инженер. Еколошката сообразност на Изведувачот се докажува со планот за следење и ублажување.

Практичната примена на Контролниот список на ПУЖССП ќе се состои од реализација на Дел I во однос на обезбедувањето и документирањето на сите релевантни специфики на локацијата. Во вториот дел, активностите што треба да се преземат ќе се проверуваат според предвидениот вид на активност, а во третиот дел ќе се утврдат и ќе се применат параметрите за следење (Дел 3) во согласност со според активностите прикажани во Дел 2. Мониторингот вклучува и надзор врз спроведувањето на планот за ублажување.

Целосно пополнетиот Контролен список на ПУЖССП, прикажан во табела за секој вид работа, ќе биде прикачен како составен дел од тендерската постапка и договорите за изведување на

работите и документ кој е аналоген на сите технички и комерцијални услови коишто договорните страни треба да ги потпишат.

## 5. Примена на Контролниот список на ПУЖССП

По пополнувањето на Контролниот список за еколошки и социјален скрининг од страна на Експертот за животна средина и социјални аспекти, проектот се класифицира како „проект со умерен ризик“.

Контролниот список на ПУЖССП се користи за проекти кои опфаќаат **санација само на постојните локални патишта/улици** (промена на асфалтниот слој и негова замена со нов, повторно поставување на тротоар, поправка на дупките, крпење и секакво друго средување на површината на патот).

Контролниот список е поделен на 4 сегменти:

- Вовед, во кој се изложува проектот, со дефиниција на еколошката категорија и објаснување на концептот на Контролниот список на ПУЖССП;
- Дел 1 - Описен дел на проектот („пасош на локацијата“), во кој се дадени локацијата, законодавството, описот на проектот и процесот на јавна расправа;
- Дел 2 - Анализа на еколошкиот и социјалниот аспект на секоја активност преку прашања од затворен тип, проследено со мерки на ублажување за секоја активност;
- Дел 3 - План за следење на активностите во трите фази: подготовка, изградба и работење.

Контролниот список на ПУЖССП за работите на санација ги содржи влијанијата врз животната средина и соодветните мерки на ублажување, со цел влијанијата врз животната средина (загадување на воздухот и водите и бучава) да се сведат на минимум. Списокот, исто така, нуди и практики на управување со опасен и неопасен отпад и мерки за контрола на испуштените супстанци на градежната локација. Во Контролниот список на ПУЖССП се дадени и чекори кои треба да се преземат во случај доколку на локацијата на санација постојат или се пронајдени предмети од културно или археолошко значење.

## 6. Следење и известување

За следење на должната анализа, надзорникот на локацијата или одговорното лице назначено од страна на општината, вклучително и инженер за животна средина и градежен инженер, ќе го надгледуваат својот дел од проектните активности според наведеното во планот за следење (дел 3).

Во табеларниот дел од документот, во детали се објаснети јасните мерки на ублажување и следење, со цел да се вклучат во договорите за изведба на работите.

Мерките на ублажување кои се однесуваат на проектните активности вклучуваат, но не се ограничени на: употреба на Средства за лична заштита (СЛЗ) од страна на работниците на локацијата, спречување на загадувањето на воздухот, количината на вода што се користи и се

испушта од локацијата, пречистувањето на отпадни води, одржување на прописни санитарни објекти за работниците, собирање на отпадот од различен вид (почва, метали, пластика, опасен отпад, т.е. остатоци од боја, хидраулични моторни масла), количествата на отпад, правилното организирање патишта и објекти за одлагање или, секогаш кога е можно, повторна употреба или рециклирање на отпадот. Освен во однос на делот 3, Надзорот на локацијата треба да провери и дали Изведувачот е сообразен со мерките на ублажување од Делот 2 како и степенот на имплементација на мерките за ублажување.

Доколку има неусогласености при спроведување на Контролниот список на ПУЖССП и/или се евидентирани во извештајот за следење, се активираат казните кои се претходно предвидени во договорот. Во екстремни случаи, во договорот е предвидено негово раскинување.

Извештајот е многу значаен за обезбедување на континуирано извршување на проектните активности и успешно завршување на целокупниот проект преку добра комуникација помеѓу сите инволвирани засегнати страни (Изведувач, Надзор, општински персонал, ЕСП од МТВ и други релевантни лица од Општината).

# АНЕКС I: Контролен список на ПУЖССП за работите на санација

<table>
<tr><td colspan="5">ДЕЛ 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ И АДМИНИСТРАТИВНИ ПРАШАЊА</td></tr>
<tr><td>Земја</td><td colspan="4">Република Северна Македонија</td></tr>
<tr><td>Име на под-проектот</td><td colspan="4">Проект за поврзување на локалните патишта, Република Северна Македонија</td></tr>
<tr><td>Опсег на под-проектот и на конкретни активности</td><td colspan="4">Санација на постојниот локален пат, бул. „Тодосија Паунов“ во градот Кочани, општина Кочани</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Институционални аранжмани (Име и детали за контакт)</td><td>СБ (Лидер на проектниот тим)</td><td>Менаџмент на проектот</td><td colspan="2">Локален партнер и/или Примател</td></tr>
<tr><td>Не е утврден<br>Тел.:<br>ел. пошта:</td><td>Не е утврден<br>Тел.:<br>ел. пошта:</td><td colspan="2">Не е утврден<br>Тел.:<br>ел. пошта:</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Аранжмани за спроведување (Име и детали за контакт)</td><td>Надзор над безбедноста</td><td>Надзор над локалниот партнер</td><td>Надзор на локалниот инспекторат</td><td>Изведувач</td></tr>
<tr><td>Не е утврден<br>Тел.:<br>ел. пошта:</td><td>Не е утврден<br>Тел.:<br>ел. пошта:</td><td>Не е утврден<br>Тел.:<br>ел. пошта:</td><td>Не е утврден<br>Тел.:<br>ел. пошта:</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Аранжмани за спроведување (Име и детали за контакт)</td><td colspan="4">Надзор** (По завршување на постапката, името и деталите за контакт на Инженерот за надзор се додава во долните полиња).</td></tr>
<tr><td colspan="4">Ќе се утврдат по завршувањето на постапката на јавна набавка за потребите на под-проектот.</td></tr>
<tr><td colspan="5">ОПИС НА ЛОКАЦИЈАТА</td></tr>
<tr><td>Име на локацијата</td><td colspan="4">Булевар „Тодосија Паунов“</td></tr>
<tr><td>Опис на локацијата (географски опис)</td><td colspan="2">Во блиската околина се наоѓаат две основни училишта, западно и источно од улицата, лоцирани на околу 50м. Кочанска река е на 100м западно. Во непосредна близина, северно од улицата има станбени згради, додека јужно од улицата има индустриска област.</td><td colspan="2">Анекс 1: Податоци за локацијата (фотографија на локацијата) [x]Д [ ] Н</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| Кој е сопственик на земјиштето? | Република Северна Македонија | |
| Географски опис | Земја: РСМ<br>Регион: Источен регион<br>Општина: Кочани<br>Населено место: Кочани | |
| **ЗАКОНОДАВСТВО** | | |
| Да се утврдат националното и локалното законодавство и дозволите кои се однесуваат на активноста(ите) на потпроектот | ▪ Закон за животна средина (Службен весник бр. 53/05,81/05,24/07,159/08, 83/2009, 124/2010, 51/2011, 123/12, 93/13, 163/13, 42/14, 44/15 129/15, 192/15, 39/16, 99/18);<br>▪ Закон за води (Службен весник бр. 87/08, 6 / 09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 163/13);<br>▪ Закон за отпад (Службен весник бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 134/08, 124/10 и 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 146/15, 192/15);<br>▪ Листа на видови отпад (Службен весник бр. 100/05);<br>▪ Закон за заштита на природата (Службен весник бр. 67/06, 16/06, 84/07, 59/12, 13/13, 163/13, 146/15);<br>▪ Закон за заштита од бучава (Службен весник бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13, 146/15);<br>▪ Закон за хемикалии (Службен весник на Република Македонија бр. 145/10, 53/11, 164/13, 116/15 и 149/15);<br>▪ Закон за квалитет на амбиенталниот воздух (Службен весник бр. 67/04 со измените во бр. 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 10/15, 146/15);<br>▪ Закон за заштита на културното наследство (Службен весник бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14);<br>▪ Закон за здравје и безбедност при работа (Службен весник бр. 92/07, 98/10, 93/11, 136/11, 60/12, 23/13, 25/13, 164/13);<br>▪ Закон за здравствена заштита (Службен весник бр. 07/07, 44/11, 145/12, 87/13);<br>▪ Закон за пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на РМ бр. 13/06, 86/08, 06/10, 42/14, 148/15, 55/16);<br>▪ Закон за безбедност во сообраќајот (Службен весник на РМ бр. 169/15, 55/16);<br>▪ Закон за јавни патишта (Службен весник на РМ бр. 84/08). | |
| **ЈАВНА РАСПРАВА** | | |
| Да се утврди кога/каде се одржала јавната расправа и кои биле забелешките на консултираните засегнати страни | Контролниот список на нацрт-планот за управување со животната средина и социјалните прашања (ПУЖССП) (за проектите со умерен ризик) ќе и биде достапен на јавноста во текот на 14 дена, на веб страна на општината и на веб страната на ЕСП при МТВ. Документот ќе биде достапен (преку електронски и поштенски пат) со детали за поднесување на можни забелешки или сугестии. Сите релевантни забелешки и сугестии на засегнатите страни ќе бидат вклучени во конечниот Контролен список на ПУЖССП и доставени до ЕСП на одобрување од страна на Еколошкиот експерт на МТВ и Специјалистот на Светска банка. Одобрената Конечна верзија на Контролниот список на ПУЖССП треба да се вгради во Договорот за грант и во односната тендерска документација и договорите за градежни работи. | |
| **ГРАДЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИОТ КАПАЦИТЕТ** | | |

| | |
|---|---|
| Ќе има ли некакво градење на капацитетот? | [x] Н или [ ] Д |

| **ДЕЛ 2: ЕКОЛОШКИ/СОЦИЈАЛЕН СКРИНИНГ** | | | |
|---|---|---|---|
| Дали активноста на локацијата ќе вклучува некои од следните потенцијални проблеми/ризици: | **Активност** | **Статус** | **Дополнително упатување** |
| | **A. Општи услови** | [x] Да [ ] Не | Види Дел **A** |
| | **B. Општи работи на санација**<br>• Сообраќај на возила на самата локација<br>• Зголемување на количината прашина и на бучавата поради работите на санација<br>• Создавање отпад<br>• Превоз на материјали и отпад | [x] Да [ ] Не | Ако одговорот е „Да“, види Дел **A, B** подолу |
| | **C. Активности кои се одвиваат во близина на водни тела, како реки, езера, меѓународни води, итн. (Не се планирани интервенции на водните текови во близина на проектната лоакција)**<br>• Покачување на седиментите во водните тела<br>• Промена на водниот тек<br>• Загадување на водата поради привремено одлагање на отпад или истекувања | [x] Да [ ] Не | Ако одговорот е „Да“, види Дел **A, B, C** подолу |
| | **D. Влијание врз шумите и/или заштитените подрачја**<br>• Близина на прогласените заштитени подрачја<br>• Нарушување на заштитените живеалишта на животните<br>• Сеча на дрвја/шуми | [ ] Да [x] Не | Ако одговорот е „Да“, види Дел **A, B, D** подолу |
| | **E. Влијанија врз системот за површинско дренирање** | [x] Да [ ] Не | Ако одговорот е „Да“, види Дел **A, B, E** подолу |
| | **F. Близина на историски објект(и) или подрачја** | [ ] Да [x] Не | Ако одговорот е „Да“, види Дел **A, B, F** подолу |

| **ДЕЛ 2: ЕКОЛОШКИ/СОЦИЈАЛЕН СКРИНИНГ** | | | |
|---|---|---|---|
| | • Ризик од оштетување на познати/непознати историски објекти/подрачја | | |
| | **G. Безбедност на сообраќајот и пешаците**<br>• Сообраќај на возила на самата локација<br>• Локацијата е во населено подрачје | [x] Да [ ] Не | Ако одговорот е „Да“, види Дел **A, B, G** подолу |
| | **H. Употреба на опасни или токсични материјали и создавање опасен отпад**[1]<br>• Отстранување и одлагање на токсичниот и/или опасниот отпад во текот на активностите на санација<br>• Складирање моторни масла и средства за подмачкување | [x] Да [ ] Не | Ако одговорот е „Да“, види Дел **A, B, H** подолу |
| | **I. Поставување на електрични столбови**<br>• Преместување на електричните столбови<br>• Демонтирање на електричните столбови<br>• Инсталација на подземните кабли на електричните столбови | [ ] Да [x] Не | Ако одговорот е „Да“, види Дел **A, B, I** подолу |
| | **J. Откуп на земјиштето**[2] | [ ] Да [x] Не | Ако одговорот е „Да“, види Дел **A, B, J** подолу |

[1] Токсични/опасни материјали вклучуваат, но не се ограничени на: горива, моторни/хидраулични масла, средства за подмачкување, токсични бои, итн.
[2] Откупот на земјиште опфаќа преселба на населението, промени во животниот стил, нарушување на приватната сопственост и влијание врз тоа дали луѓето ќе се отселат и/или ќе останат или ќе вршат некоја дејност (киосци) на земјиштето или во близина

<table>
<tr><th>АКТИВНОСТ</th><th>ПАРАМЕТАР</th><th>КОНТРОЛЕН СПИСОК НА МЕРКИТЕ ЗА УБЛАЖУВАЊЕ</th></tr>
<tr><td>А. Општи услови</td><td>ЗиБ на заедницата и здравје и безбедност при работата (БЗР) за работниците</td><td><u>Мерки за ЗиБ на заедницата:</u><br>(a) Локалните градежни и еколошки инспекциски служби и заедниците во општина Кочани ќе се известат за проектните активности на санација на локалната улица;<br>(b) Јавноста во Општина Кочани ќе се извести за работите преку соодветно соопштение во медиумите и/или на јавно достапни места (вклучително и на градилиштето, на општинската огласна табла и на веб страната на општината https://kocani.gov.mk/);<br>(c) Сите дозволи, овластувања и мислења што се бараат со законот за проектните активности се добиени и валидни;<br>(d) Подготовка и спроведување на Планот за управување со проектната локација;<br>• Соодветно поставување на знаци на проектната локација, за да се информираат работниците за клучните правила и регулативи што треба да се следат;<br>• Соодветно обележување на и вон градежната локација (дел по дел) и ограничување на брзината на возилата;<br>• Обезбедување пристап до семејните куќи, продавници, детските игралишта, религиозните објекти, болници, училишта и останати значајни/сензитивни објекти;<br>• Поставување на ленти за предупредување и сигнализирање на забранет пристап на неовластени лица на градилиштето. Истото ќе биде оградено;<br>• Привремено складираниот материјал треба јасно да се означи;<br>(e) Подготовки пред почетокот на работите и спроведување на Планот за управување со сообраќајот;<br>(f) Сите работи ќе се вршат на безбеден и дисциплиниран начин, осмислен така што влијанијата врз работниците и граѓаните кои го користат патот и животната средина да се сведат на минимум.<br>(g) Обезбедени се безбедни премини за пешаците;<br>(h) Сите опасни места на градилиштето како јами, ровови и др. ќе бидат јасно обележани и оградени;</td></tr>
</table>

| АКТИВНОСТ | ПАРАМЕТАР | КОНТРОЛЕН СПИСОК НА МЕРКИТЕ ЗА УБЛАЖУВАЊЕ |
|---|---|---|
| | | (i) Од суштинско значење е добра комуникација помеѓу Изведувачот, директорите на училиштата и вработените и вработените од Општина Кочани, со цел да се спречат евентуални повреди на учениците и да се постигне непречено одвивање на проектните активности. Локалното население (особено учениците кои секојдневно ги посетуваат основните училишта долж предметната улица во град Кочани) треба да ги почитуваат превентивните мерки дадени од Изведувачот;<br>(j) Треба да организираат предавања за учениците од основните училишта за мерките за безбедност околу локацијата на проектот. За да се спречи можен ризик кај учениците (кои ги посетуваат основните училишта), Изведувачот треба да ги закаже проектните активности во летниот период, кога фреквенцијата на учениците е намалена заради летниот распуст;<br><br><u>Мерки за БЗР за работниците:</u><br>(k) Со машините треба да ракуваат исклучиво искусни и обучени ракувачи, со што се намалува ризикот од несреќи;<br>(l) Работниците кои ќе бидат ангажирани треба да бидат обучени и да ги почитуваат најдобрите градежни практики (постојано да носат шлем, маска и заштитни очила, безбедносни појаси и безбедносни чизми, како и други средства за лична заштита за конкретната работа);<br>(m) Треба да се спроведуваат мерките за БЗР за заедницата и работниците (прва помош, заштитна облека за работниците, соодветни машини и алати);<br>(n) Примена на процедури во вонредни состојби се достапни на градилиштето;<br><u>Противпожарни мерки:</u><br>(o) Ќе се обезбеди постојано присуство на противпожарни уреди на проектната локација за случај на пожар или друго оштетување. Нивната местоположба се означува и работниците се известуваат за тоа. Нивото на противпожарна опрема ќе се оцени и евалуира со помош на типична оцена на ризик; |

| АКТИВНОСТ | ПАРАМЕТАР | КОНТРОЛЕН СПИСОК НА МЕРКИТЕ ЗА УБЛАЖУВАЊЕ |
|---|---|---|
| | | (p) Ќе се назначи лице на градилиштето кое ќе биде одговорно за заштита од пожари;<br>(q) Сите вработени треба да се известат за процедурите во случај на пожар;<br>(r) Делницата од патот која не се санира, да се одржува чиста. |
| | Заштита на културното наследство | (a) Во случај на случајни археолошки пронајдоци, локацијата се оградува (заштитува) и властите (Министерството за култура, Дирекцијата за заштита на културното наследство) се информираат во рок од 24 часа и се следат националните процедури. Работите продолжуваат по одобрение од властите. Нивните инструкции мора да се следат во натамошниот тек на работите;<br>(b) Доколку работите на санација се одвиваат во близина на археолошки наоѓалишта, се известуваат локалните власти и се добиваат сите одобренија/дозволи од нив, а сите работи на санација се планираат и се изведуваат во согласност со локалното и националното законодавство. Не се идентификувани локации со археолошко / културно значење во близина на проектната локација, така што не се очекуваат неповолни влијанија;<br>(c) Се води соодветна грижа и се крева свеста на градежните работници за можното откривање на археолошки остатоци; |
| | Спречување несреќи | (a) На локацијата треба да има опрема за спречување излевања, со која се спречува натамошно ширење на излеаниот материјал. Во случај на истурање, загадената почва / вода ќе биде отстранета во затворен сад и третирана како опасен отпад;<br>(b) Противпожарните апарати треба да се атестирани и во добра состојба;<br>(c) Работната локација треба да се заштити со ограда и соодветна сигнализација;<br>(d) Сообраќајот околу проектната локација треба да се одвива строго во согласност со Планот за управување со сообраќајот, одобрен од Министерството за внатрешни работи (локална сообраќајна полиција);<br>(e) Возилата и градежната механизација треба да биде атестирани и во добра работна состојба; |
| **В**. Општи работи на санација | Емисии во воздухот и квалитет на воздухот | (a) Во текот на суви и ветровити денови, градежната локација, транспортните патишта и локациите на кои се ракува со материјали треба да се прскаат со вода, доколку е потребно. Да се спречат емисии на прашина при утовар и истовар на градилиштето. |

| АКТИВНОСТ | ПАРАМЕТАР | КОНТРОЛЕН СПИСОК НА МЕРКИТЕ ЗА УБЛАЖУВАЊЕ |
|---|---|---|
| | | Затоа материјалите кои продуцираат прашина, треба да бидат покриени при нивно транспортирање;<br>(b) Транспортните возила и тркалата редовно треба да се мијат на претходно утврдени локации, опремени во најмала рака со колектор за нафта и масла;<br>(c) За прашината да се сведе на минимум, градежните материјали треба да се складираат на соодветни места и да бидат покриени;<br>(d) При транспорт на отпад/материјали, возилата мора да се покриени, за да се намали емисијата на прашина;<br>(e) Брзината на возилата треба соодветно да се прилагоди на проектната локација (40km/h);<br>(f) Избегнувајте механизација да работи во режим на мирување;<br>(g) Сите машини треба да се опремени со соодветна опрема за контрола на емисиите;<br>(h) Сите возила и машини треба да користат бензин од официјални извори (овластени бензински пумпи) и гориво определено од страна на производителот на машините и возилата;<br>(i) Сите транспортни возила и машини треба редовно да се одржуваат и да се атестираат;<br>(j) Работите на ископување и расчистување и земјените работи мора да се изведуваат во текот на договорените периоди и дозволените временски услови, за да се избегне нанесување песок и прашина во соседните подрачја. |
| | Бучава | (a) Нивото на бучава не го надминува националното ниво на лимит (според националното законодавство и барањата на ЕУ)<br>• Подрачје со заштита од бучава од **прв степен** вклучува подрачја на туризам и рекреација, подрачја во близина на здравствени институции за болничко лекување, како и подрачја на национални паркови и природни резервати (Ld – 50 dB, Le – 50 dB, Ln – 40);<br>• Подрачје со заштита од бучава од **втор степен** вклучува подрачја кои се главно наменети за живеење, станбени населби, подрачја во близина на образовни |

| АКТИВНОСТ | ПАРАМЕТАР | КОНТРОЛЕН СПИСОК НА МЕРКИТЕ ЗА УБЛАЖУВАЊЕ |
|---|---|---|
| | | институции, образовни објекти и служби за социјална заштита за возрасни и деца (Ld – 55 dB, Le – 55 dB, Ln – 45); **Проектната локација се наоѓа во ова подрачје.**<br>• Подрачје со заштита од бучава од **трет степен** е подрачје во кое се прифатени одредени човечки активности со бучава. Тие вклучуваат комерцијални подрачја, подрачја со мешани станбени делови, занаетчиски и производствени активности (комбинирани подрачја) (Ld – 60 dB, Le – 60 dB, Ln – 55);<br>• Подрачје со заштита од бучава од **четврт степен** е подрачје во кое се дозволени активности кои може да доведат до појава на засилена еколошка бучава. Тоа вклучува нестанбени подрачја, кои се исклучиво наменети за индустриски активности (Ld – 70 dB, Le – 70 dB, Ln – 60);<br>(b) Градежни активности не треба да се дозволени во текот на ноќта – работењето на локацијата треба да се ограничи на времето помеѓу 7:00 и 19:00 часот;<br>(c) Мерките за спречување на бучавата мора да се применуваат во однос на целата градежна опрема. Во текот на работењето, капаците на моторите на генераторите, воздушните компресори и другата механичка опрема која работи на струја треба да бидат затворени. Доколку возилата или опремата не се во добра работна состојба, на изведувачот може да му се наложи да ги отстрани дефектните возила или механизација од локацијата;<br>(d) Механизацијата треба ефективно да се одржува. |
| | Управување со отпад | (a) Треба да се утврдат различните видови отпад кои може да се создадат на локацијата на санација и да се класификуваат според Листата на видови отпад (Службен Весник на РМ, бр. 100/05);<br>(b) Треба да се обезбедат контејнери за секоја утврдена категорија на отпад во доволен број и да се постават и да се обележат за засебно одлагање;<br>Главниот отпад би бил класификуван според Главата за отпад 17 „Шут од градење и рушење (вклучително и ископана почва од загадени подрачја)“ со шифра на отпад 17 01 – Отпад од бетон, асфалт, 17 05 04 – Ископана почва, 17 09 04 – Мешани материјали од градежни локации. Може да се најдат мали количества на цврст |

| АКТИВНОСТ | ПАРАМЕТАР | КОНТРОЛЕН СПИСОК НА МЕРКИТЕ ЗА УБЛАЖУВАЊЕ |
|---|---|---|
| | | комунален отпад (пијалаци, храна), како и отпад од пакување (шишиња, хартија, стакло, итн.);<br>(c) Отпадот ќе се собира редовно и ќе се отстранува / третира во соодветна депонија за отпад. За очекуваните видови отпад од проектните активности за чистење и санација, ќе се идентификуваат патеки и места за собирање и депонирање на отпад;<br>(d) Доколку се чува привремено, отпадот ќе биде заштитен од неповолни временски услови и на градилиштето на начин што не го загрозува здравјето и безбедноста на работниците;<br>(e) Градежниот отпад ќе биде одвоен од останатиот генериран отпад, на самото градилиште, со селекција и депонирање во соодветни контејнери и ќе се депонира во лиценцирана депонија;<br>(f) Опасниот отпад ќе биде одвоен од другиот отпад што се наоѓа на проектната локација, со сортирање и депонирање во соодветни контејнери и депонирање на лиценцирана депонија;<br>(g) Градежниот отпадот од локацијата веднаш ќе се отстрани. Инертен отпад може да се користи повторно доколку се докаже дека е безопасен и употребата е соодветна. Секоја повторна употреба мора да биде евидентирана. Треба да се земат предвид опциите за повторна употреба / рециклирање на генерираниот отпад (на пр. повторна употреба на отстранетиот слој на асфалт, ископана почва и др.). ;<br>(h) Евиденцијата на одлагањето отпад (декларација за отпад) редовно ќе се ажурира и ќе се архивира;<br>(i) Шутот од градење ќе го собираат и одлагаат исклучиво овластени постапувачи со отпад;<br>(j) Целата евиденција на одложениот отпад се чува како доказ за правилно управување;<br>(k) Во однос на можниот опасен отпад (моторни масла, горива за возила), треба да се назначи овластен постапувач со отпад кој прописно ќе го собира и одлага опасниот отпад на соодветна и лиценцирана депонија; |

| АКТИВНОСТ | ПАРАМЕТАР | КОНТРОЛЕН СПИСОК НА МЕРКИТЕ ЗА УБЛАЖУВАЊЕ |
|---|---|---|
| | | (l) Во текот на превозот, материјалите треба да бидат покриени, за да се избегне растурање на отпадот;<br>(m) Согорувањето на кој било вид отпад, негово депонирање во близина на водните текови или која било друга несоодветна локација е строго забрането;<br>(n) По финализирањето на работите, генерираниот отпад да се отстрани од градежната локација; |
| | Вода и почва | (a) Во случај на опасно истекување, тоа треба да се запре и да се отстрани, а потоа да се исчисти местото и да се спроведат мерки за управување со опасен отпад:<br>(b) Изведувачот мора да потпише Договор со овластено друштво/лице за собирање и транспорт на опасниот отпад, во согласност со националното законодавство, со нагласок на транспортот на опасни (токсични) стоки: издавање лиценца на друштвото/лицето за собирање и транспорт на опасниот отпад, обврски во поглед на пакување и означување на опасниот отпад, транспорт на опасен отпад;<br>(c) Според националното законодавство (Листа на видови отпади – Службен весник бр. 100/05), опасниот отпад треба да се идентификува и да се класифицира;<br>(d) Соодветно пакување и означување на кутиите со опасен отпад;<br>(e) Пакувањето треба да е во сообразност со барањата на националното законодавство<br>(f) Означувањето треба да ги содржи шифрата за класификација на опасниот отпад, со назнака „ОПАСЕН ОТПАД“, општи податоци за производителот на отпад, Р – ризичен, Б – безбеден, количеството отпад, физичката состојба на опасниот отпад и графички симбол;<br>(g) Транспортот на опасен отпад е забранет доколку не е спакуван и означен според барањата на националното законодавство;<br>(h) Во случај на истекување до кое дошло во текот на работите, за да се избегне загадување на подрачјето, истекувањето треба да се собере на лице место и да се смести во привремен ретензионен базен;<br>(i) Обезбедување/поставување и одржување на прописни санитарни објекти за работниците (мобилни тоалети). Тоалетите треба да се чистат, а отпадната вода |

| АКТИВНОСТ | ПАРАМЕТАР | КОНТРОЛЕН СПИСОК НА МЕРКИТЕ ЗА УБЛАЖУВАЊЕ |
|---|---|---|
| | | прописно да се транспортира за натамошно пречистување од страна на друштвото кое е овластено за одржување и чистење на мобилните тоалети;<br>(j) Отпадната вода собрана на локацијата не смее да се испушта во животната средина без претходно пречистување;<br>(k) Привременото или трајното одлагање на отпад во близина на водните текови е забрането;<br>(l) Забрането е сервисирање на возилата и механизацијата на градежната локација;<br>(m) Спречување на истекувања на масло и други загадувачи во водата и почвата во најголема можна мера;<br>(n) Доколку е потребно, протокот на отпад треба да ја заобиколува градежната локација во рамките на границите на одводнување;<br>(o) Примена на мерки за стабилност на почвата кога е потребно; |
| | Заштита на природата | (a) Намалување на големината на градежната локација заради сведување на земјиштето што ќе претрпи негативно влијание на минимум – да се отстрани минимална зелена површина и да се озелени хортикултурно откако ќе се заврши со градежните активности;<br>(b) Забрането е вознемирување на животните и собирање растенија во подрачјето;<br>(c) Да се забрани собирањето дрва за огрев од работните подрачја и во нивната околина;<br>(d) Работите на санација треба да се вршат на тој начин што ќе се избегнуваат важните фази на репродукција на заштитените видови, доколку работите се изведуваат во близина на заштитени подрачја;<br>(e) Дневно собирање на создадениот отпад, селекција на отпадот, транспорт и трајно одлагање на соодветни места;<br>(f) Уништените растенија треба да се заменат со садење на нови, автохтони видови;<br>(g) Нема да има сеча. Поединечни дрвја можат да се отстранат само со претходно одобрение од надлежен орган (на пр. Одделение за шумарство).<br>(h) Строго се забранува собирањето растенија и билки во близината на локацијата; |

| АКТИВНОСТ | ПАРАМЕТАР | КОНТРОЛЕН СПИСОК НА МЕРКИТЕ ЗА УБЛАЖУВАЊЕ |
|---|---|---|
| | | (i) По крајот на работите на санација, локацијата треба да се врати во првобитната состојба пред работите, а доколку тоа не е можно, тогаш треба соодветно да се ревитализира. Само автохтони видови да се користат при озеленување на проектната локација. |
| | Превоз и ракување со материјали | (a) Делниците што се санираат треба јасно да се обележат;<br>(b) Дистрибуцијата на материјали и другите намени за кои се користи локалниот пат/улица треба да и се најави на општината и да се координира со неа. Изведувачот презема безбедносни мерки за спречување несреќи;<br>(c) Сите материјали кои создаваат прашина се транспортираат во затворени или покриени камиони;<br>(d) Сите материјали кои создаваат прашина и се чувствителни на временските услови треба да се заштитат од атмосферските влијанија или со ветробрани или со капаци или да се прскаат со вода или со други, соодветни средства;<br>(e) Патиштата редовно да се метат и чистат на критичните точки. Истечените материјали веднаш се отстрануваат од патот и се чистат. Пристапните патишта треба добро да се одржуваат;<br>(f) Истечените материјали веднаш се отстрануваат од патеките и се чистат. Патеките треба добро да се одржуваат;<br>(g) Пристапот на градежните возила и возилата за дотур на материјали строго се контролира, особено на влажно време;<br>(h) Почвата и купиштата материјали се чуваат одвоено;<br>(i) Купиштата материјал се чуваат настрана од одводните канали, природните водни текови и местата подложни на ерозија на почвата;<br>(j) Камионите натоварени со земја се покриваат при отпремувањето на земјата од локацијата заради повторна употреба/одлагање;<br>(k) Купиштата материјал не смеат да надминуваат 2м во висина, за да се спречи растурање и ризик од пад на материјал; |

| АКТИВНОСТ | ПАРАМЕТАР | КОНТРОЛЕН СПИСОК НА МЕРКИТЕ ЗА УБЛАЖУВАЊЕ |
|---|---|---|
| | | (l) Производителите на асфалт, чакал и бетон треба да ги имаат сите неопходни работни дозволи и дозволи за емисии и потврди за квалитет;<br>(m) Производителот на асфалт и бетон мора да презентира доказ за сообразеност со целото национално законодавство за животна средина и БЗ;<br>(n) Сите транспортни возила мора да бидат опремени со соодветна опрема за контрола на емисиите и редовно да се одржуваат и да се атестираат;<br>(o) Во соседните подрачја, особено во заштитените подрачја, не смее да има позајмишта, каменоломи или диви депонии; |
| **C.** Активности се одвиваат во близина на водни тела, како реки, езера, меѓународни води, итн.? | Загадување на водата | (a) Мора да се применуваат добри градежни практики, за да се избегне загадување на водата во реката/езерото;<br>(b) Организација на правилно складирање и ракување со опасни материјали и дневно надополнување на таквите материјали;<br>(c) Забрането е привремено или трајно складирање или одлагање на супстанции штетни за водата (на пр., горива за градежната механизација, градежниот шут, итн.) близу до/во коритата на реката/езерата во пошироката околина на проектните локации, со цел да се спречи негативното влијание врз квалитетот на водата и добриот еколошки статус на водните текови;<br>(d) Пристапните патишта до проектната локација треба да се одржуваат чисти и уредни, за да се спречи наталожувањето масла и земја, кои може да се одлеат или одведат за време на обилни врнежи. |
| **E.** Влијание врз системот за површинско одводнување | Квалитет на водата | (a) Не смее да се врши нерегулирано црпење на подземни води, ниту неконтролирано испуштање на технолошка вода, цементна каша или други контаминирани води во почвата или во соседните потоци или реки; Изведувачот треба да ги обезбеди сите неопходни лиценци и дозволи за црпење вода и регулирано испуштање во јавниот систем на отпадни води; |

| АКТИВНОСТ | ПАРАМЕТАР | КОНТРОЛЕН СПИСОК НА МЕРКИТЕ ЗА УБЛАЖУВАЊЕ |
|---|---|---|
| | | (b) Треба да се изградат прописни системи за одведување на атмосферските води и да се внимава да не се создаваат талози, да не се загадуваат или поинаку да се влијае штетно врз природните потоци, реки, езерца и езера со санационите работи;<br>(c) Треба да постојат процедури за спречување и постапување во случај на случајни истекувања на горива, масти за подмачкување и други токсични или штетни супстанции;<br>(d) Градежните возила и механизација треба да се мијат само на означените места, каде што истекувањата нема да ги загадат природните површински водни тела. |
| **G.** Безбедност на сообраќајот и пешаците | Директни или индиректни опасности за јавниот сообраќај и пешаците поради работите на санација | Изведувачот соодветно ја обезбедува градежната локација, вклучително и регулирањето на сообраќајот. Тоа го вклучува, но не ограничено на следното:<br>(a) Планот за управување со сообраќајот се изготвува заедно со општинскиот персонал, за да се обезбеди прописен тек на сообраќајот во проектното подрачје (и надвор од него) и да се спречат можни сообраќајни несреќи;<br>(b) Соседните заедници (лоцирани долж/во близина на проектната локација) треба навреме да се информираат за работите што претстојат;<br>(c) Во случај сообраќајот да биде прекинат, Изведувачот, во соработка со општината и сообраќајната полиција, да организира алтернативни рути;<br>(d) Поставување сообраќајни знаци, знаци за предупредување, бариери и знаци за пренасочување на сообраќајот (вертикална сигнализација и знаци на почетокот од локацијата на која се изведуваат санациони работи): минувачите треба да се предупредат во однос на потенцијалните опасности;<br>(e) Од суштинско значење е добра комуникација помеѓу Изведувачот, директорите на училиштата и вработените и вработените од Општина Кочани, со цел да се спречат евентуални повреди на учениците и да се постигне непречено одвивање на проектните активности. Локалното население (особено учениците кои секојдневно ги посетуваат основните училишта долж предметната улица во град Кочани) треба да ги почитуваат превентивните мерки дадени од Изведувачот; |

| АКТИВНОСТ | ПАРАМЕТАР | КОНТРОЛЕН СПИСОК НА МЕРКИТЕ ЗА УБЛАЖУВАЊЕ |
|---|---|---|
| | | (f) Треба да организираат предавања за учениците од основните училишта за мерките за безбедност околу локацијата на проектот. За да се спречи можен ризик кај учениците (кои ги посетуваат основните училишта), Изведувачот треба да ги закаже проектните активности во летниот период, кога фреквенцијата на учениците е намалена заради летниот распуст;<br>(g) Поставените табли и знаци не смеат да ја нарушуваат безбедноста на сообраќајот и видливоста;<br>(h) Треба да се обезбедат и да се поставаат соодветни ленти и знаци за предупредување;<br>(i) Треба да се забрани пристап на невработени лица во оградениото подрачје;<br>(j) Треба да се спроведува системот за управување со сообраќајот и обуки за вработените, особено во поглед на пристап до локацијата и густиот сообраќај во близина на локацијата. Да се обезбедат безбедни патеки и премини за пешаци на места на кои се движат градежните возила;<br>(k) Активното управување со сообраќајот треба да го вршат обучени и видливи вработени на локацијата, доколку тоа е потребно за безбедно и лесно минување на населението;<br>(l) Да се воспостави специјален сообраќаен режим за возилата на изведувачот во текот на периодот на санација (заедно со општинскиот персонал и полицијата) и да се поставаат знаци за да се гарантира безбедноста, текот на сообраќајот и пристапот до земјиштето и објектите;<br>(m) Локалните заедници (доколку ги има) навремено да се известат за алтернативното регулирање на сообраќајот во текот на санационите работи;<br>(n) Да се обезбеди безбедноста на пешаците. Специјален фокус на безбедноста на децата, доколку училиштето е во близина (да се огради локацијата, да се воспостават безбедни коридори, сообраќајот во „шпицот“да се регулира рачно, итн.);<br>(o) Треба да постои безбеден и континуиран пристап до канцелариите, работилниците и живеалиштата во текот на санационите работи; |

| АКТИВНОСТ | ПАРАМЕТАР | КОНТРОЛЕН СПИСОК НА МЕРКИТЕ ЗА УБЛАЖУВАЊЕ |
|---|---|---|
| | | (p) Работното време да се прилагоди на локалните сообраќајни трендови, како, на пример, одбегнување на главните транспортни активности во текот на „шпицовите“ или во периодите кога се движи добиток. |
| **H.** Употреба на опасни или токсични материјали и создавање опасен отпад | Управување со токсични/опасни материјали и со опасен отпад | (a) Привременото складирање на сите опасни или токсични супстанции (вклучително и отпад) на локацијата се врши во безбедни контејнери со детални ознаки во поглед на составот и својствата и со информации за ракување. Со хемикалиите се ракува, се користат и се одлагаат и се преземаат мерки на претпазливост во согласност со Податоците за безбедност на материјалите (MSDS);<br>(b) Контејнерите во кои се чува запалив или реактивен отпад мора да се лоцирани најмалку 15 метри (50 стапки) од границите на зоната на објектот. На локацијата не смее да се чуваат големи количини гориво;<br>(c) Контејнерите со опасни супстанции се поставуваат во контејнер кој не протекува, за да се спречи излевање и истекување. Таквиот контејнер е опремен со систем за секундарно ограничување, како структури за собирање (на пр., двоен контејнер), двојни ѕидови и слично. Системот на секундарно ограничување не смее да има пукнатини и мора да е способен да го локализира истекувањето и брзо да се празни;<br>(d) Контејнерите со опасни супстанции мора да се држат затворени, освен кога се дополнува или се празни од материјали/отпад. Со нив не смее да се ракува, да се отвораат или да се складираат на начин кој може да доведе до нивно протекување;<br>(e) Опасниот отпад не треба да се меша, а транспортот и ракувањето го вршат исклучиво овластени компании, во согласност со националната регулатива;<br>(f) Со опасниот отпад треба да управува друштво кое има лиценца за постапување со опасен отпад, во согласност со националното законодавство;<br>(g) Не треба да се користат бои со токсични состојки или раствори или бои на база на олово. |

| **ДЕЛ 3: ПЛАН ЗА СЛЕДЕЊЕ** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Кој**<br>*Параметар треба да се следи?* | **Каде**<br>*е параметарот што треба да се следи?* | **Како**<br>*треба да се следи параметарот (што и како треба да се мери)?* | **Кога**<br>*треба да се следи параметарот (време и честота)?* | **Кој**<br>*треба да го следи параметарот (одговорност)?* | **Колкав**<br>*е трошокот поврзан со следењето?* |
| **Подготвителна фаза** | | | | | |
| Сите потребни дозволи се обезбедени пред почетокот на работите на бул. „Тодосија Паунов“ | Во градската управа на Кочани | Проверка на сите потребни документи | Пред почетокот со работите | Изведувач;<br>Надзорник на санационите работи;<br>Градежен инспектор во општина Кочани, ППЛП ЕСП, МТВ | Вклучен во проектниот буџет |
| Известени се јавните и релевантните институции во градот Кочани | Деловен простор на Изведувачот | Проверка на сите потребни документи | Пред почетокот со работите | Изведувач;<br>Надзорник на санационите работи; | Вклучен во проектниот буџет |
| Безбедносни мерки за засегнатите работници, вработени и граѓани во близина на проектната локација во општина Кочани | На проектната локација/долж бул. „Тодосија Паунов“ во градот Кочани | Визуелни проверки и извештаи | Пред почетокот со работите | Изведувач,<br>Надзорник | Вклучен во проектниот буџет |
| **Фаза на санација** | | | | | |

**ДЕЛ 3: ПЛАН ЗА СЛЕДЕЊЕ**

| **Кој**<br><br>*Параметар треба да се следи?* | **Каде**<br><br>*е параметарот што треба да се следи?* | **Како**<br><br>*треба да се следи параметарот (што и како треба да се мери)?* | **Кога**<br><br>*треба да се следи параметарот (време и честота)?* | **Кој**<br><br>*треба да го следи параметарот (одговорност)?* | **Колкав**<br><br>*е трошокот поврзан со следењето?* |
|---|---|---|---|---|---|
| Безбедност при работењето и на заедницата на проектната локација | Во рамките на проектното подрачје | Визуелни проверки и извештаи<br>Ненајавени инспекции во текот на работите | Ненајавени контроли во текот на работите | Надзорник | Вклучен во проектниот буџет |
| Безбеден тек на сообраќајот во проектното подрачје во градот Кочани, во согласност со Планот за управување со сообраќајот | Долж и околу проектното подрачје во општина Кочани | Визуелни проверки и извештаи;<br><br>Проверка на документација во поглед на тоа:<br>- дали се известени сите надлежни власти,<br>- дали се обезбедени сите неопходни дозволи и одобренија,<br>Визуелни проверки на транспортот на материјали, коридори и премини за пешаците, регулација на сообраќајот, итн. | Во текот на испораката на опремата | Изведувач,<br>Надзорник | Вклучен во проектниот буџет |
| Собирање, транспорт и трајно одлагање на цврстиот отпад, во согласност | На и околу проектната локација во градот Кочани/во близина на Кочанска река | Визуелно следење и инспекција на транспортните листи на Изведувачот | Секојдневно, по собирањето и превозот на цврстиот отпад<br>Цврстиот отпад не треба да се остава на градежната локација, за | Изведувач;<br>Надзорник на санационите работи;<br>Овластен инспектор за животна средина,<br>Градежен инспектор, ЕСС на | Дел од редовните трошоци на Изведувачот |

| **ДЕЛ 3: ПЛАН ЗА СЛЕДЕЊЕ** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Кој**<br>*Параметар треба да се следи?* | **Каде**<br>*е параметарот што треба да се следи?* | **Како**<br>*треба да се следи параметарот (што и како треба да се мери)?* | **Кога**<br>*треба да се следи параметарот (време и честота)?* | **Кој**<br>*треба да го следи параметарот (одговорност)?* | **Колкав**<br>*е трошокот поврзан со следењето?* |
| со планот за управување со отпадот | | | да се избегне негативно влијание врз локалната животна средина | ППЛП | |
| Собирање и превоз на опасниот отпад според Планот за управување со отпад | На привремената безбедна локација на градежната локација, во засебни контејнери за отпад | Инспекција на транспортните листи и на условите во складиштето | Пред транспортот на опасниот отпад | Овластено друштво за собирање и транспорт на опасен отпад, Овластен инспектор за животна средина, Градежен инспектор, ЕСС на ППЛП | Дел од редовните трошоци на Изведувачот |
| Нивоа на бучава и вибрации | На и околу проектната локација во општина Кочани | Следење на нивото на бучава во dB (со соодветна опрема) | Во случај на поплака или на негативен инспекциски наод | Изведувач; Овластено друштво за мерење на нивото, обезбедено од Изведувачот; Овластен инспектор за животна средина, Градежен инспектор, ЕСС на ППЛП | Дел од редовните трошоци на Изведувачот |
| Загадување на воздухот Параметри за прашина и честички | Во рамките на проектната локација | Земање примероци од страна на овластена агенција | Во случај на поплака или на негативен инспекциски наод | Надзор | Буџет на Изведувачот |
| Загадување на водата | Да се провери дали има излевања. Излевањата се локализираат, а | Визуелни. | Редовно | Надзорен инженер, Инспекција | Дел од редовните |

**ДЕЛ 3: ПЛАН ЗА СЛЕДЕЊЕ**

| **Кој** *Параметар треба да се следи?* | **Каде** *е параметарот што треба да се следи?* | **Како** *треба да се следи параметарот (што и како треба да се мери)?* | **Кога** *треба да се следи параметарот (време и честота)?* | **Кој** *треба да го следи параметарот (одговорност)?* | **Колкав** *е трошокот поврзан со следењето?* |
|---|---|---|---|---|---|
| | контаминираната почва/вода се отстранува и се третира како опасен отпад<br>Во случај на поголеми излевања, се тестира почвата/водата во однос на присуство на загадувачи и се известува инспекторатот за животна средина. Се следат нивните инструкции | За поголеми излевања, лабораториски испитувања | | | трошоци на Изведувачот |
| Квалитет на водата | На секоја точка на испуштање водени текови (цврсти и течни) во близина на реката/езерото, како можно загадување на добриот еколошки статус на водените текови | Визуелни проверки за да се утврди дали отпадот е одлага во близина на реката/езерото | Редовно | Изведувач – Понудувач | Вклучен во проектниот буџет |
| **Оперативна фаза** | | | | | |
| Правилно управување со отпадот | На локацијата и во околината и близината на Кочанска река | Отпадот правилно се собира/сортира | Неделно | Овластено друштво за собирање отпад | Варијабла и не е вклучена во буџетот на проектот |

| **ДЕЛ 3: ПЛАН ЗА СЛЕДЕЊЕ** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Кој**<br><br>*Параметар треба да се следи?* | **Каде**<br><br>*е параметарот што треба да се следи?* | **Како**<br><br>*треба да се следи параметарот (што и како треба да се мери)?* | **Кога**<br><br>*треба да се следи параметарот (време и честота)?* | **Кој**<br><br>*треба да го следи параметарот (одговорност)?* | **Колкав**<br><br>*е трошокот поврзан со следењето?* |
| Редовно одржување на патот | Долж патот | Со редовни визуелни проверки на состојбата на патот, во поглед на тоа дали има пукнатини и оштетувања, состојбата на сообраќајната сигнализација | Континуирано и особено во случај на врнежи на снег, свлекувања на земјиште, итн. | Овластено друштво за одржување патишта Надзор | Општински буџет |

# АНЕКС II: Опис на локацијата

Проектот, каде што ќе се реализираат проектните активности за санација на улицата, се наоѓа во јужниот дел на Општина Кочани, поточно во градот Кочани. Планираните проектни активности ќе бидат изведени во три фази: подготвителни активности (обележување и расчистување на градилиштето - улица), санација на улицата (поставување асфалтен слој, итн.) и оперативна фаза - активности поврзани со редовни и превентивни одржување на соодветната улица. Вкупната должина на предметниот опфат ќе биде 955,39m. На Слика 1 е дадена локација на проектот и чувствителни рецептори во близина.




*Слика 1 Локација на санацијата на улицата во Кочани*




*Слика 2 Емералд подрачја и Значајни подрачја за птици во поширокото подрачје на проектната локација кои ќе бидат негативно погодени од градежните активности*

# АНЕКС III Спроведување на постапка за јавен увид на документ и учество на јавноста на јавна расправа во Општина Кочани

## Записник

од јавна расправа со цел информирање на граѓаните и засегнатите страни за активностите предвидени со Проектот за поврзување на локални патишта во РСМ и за документот “Контролен список на План за управување со животната средина и социјалните аспекти за санација на постоен пат, бул. Тодосија Паунов во град Кочани, Општина Кочани” во општина **Кочани** одржана на **12.11.2019.**

### *Дневен Ред*

1. Прзентирање на „Проектот за поврзување на локални патишта во РСМ„
2. Презентација на “Контролен список на План за управување со животната средина и социјалните аспекти”
3. Дискусија

Поканата за јавната расправа како и релевантните документи беа поставени на интернет страната на Министерството за транспорт и врски http://www.mtc.gov.mk/ и на интернет страната на Општина Кочани https://kocani.gov.mk/%d0%b8%d0%b7%d0%b2%d0%b5%d1%81%d1%82%d1%83%d0%b2%d0%b0%d1%9a%d0%b5-%d0%b7%d0%b0-%d0%be%d0%b4%d1%80%d0%b6%d1%83%d0%b2%d0%b0%d1%9a%d0%b5-%d0%bd%d0%b0-%d1%98%d0%b0%d0%b2%d0%bd%d0%b0-%d1%80%d0%b0%d1%81/ со што заинтересираната јавност имаше можност за увид во документите и запознавање со планираните активности.

На јавната расправа присуствуваа претставници од Министерството за транспорт и врски, претставници од Општина Кочани, Градоначалник на Општина Кочани, вработени во КЈП “Водовод” и граѓани од општина Кочани. (во Прилог 1 на документот е Листата на присутни).

Јавната расправа се одржа во просториите на Општина Кочани на 12 Ноември 2019 година со почеток во 14.30 часот. На Јавната расправа беше извршена презентација на: Проектот за поврзување на локални патишта во РСМ (г-дин Костадин Саздов, претставник од МТВ), “Контролен список на План за управување со животната средина и социјалните аспекти” (Консултант за животна средина).

По спроведеното излагање од страна на претставниците на МТВ се разви дискусија од страна на присутните особено од Градоначалникот г-дин Илијев кој посочи дека сите потребни интервенции на кои ќе укажат од Проектната канцеларија ќе бидат вметнати во предложените проекти со цел да бидат одобрени за реализација бидејќи овие активности за општината се од витално значење имајќи во предвид дека локалната инфраструктура е во исклучително лоша состојба. Г-дин Влатко Димитров од Општина Кочани истакна дека во фаза на подготовка се проекти за санација на 2 улици со кои сакаат да аплицираат за Проектот за поврзување на локални патишта во РСМ.

Јавната расправа заврши во 15,30 часот Во прилог 3 на документот се фотографии од јавната расправа.

Прилог 1 Известување и Објава за одржување на јавна расправа “Контролен список на План за управување со животната средина и социјалните аспекти”

Република Северна Македонија
Министерство за транспорт и врски

Министерство за транспорт и врски
Проект за локални патишта за поврзување во РСМ

**ИЗВЕСТУВАЊЕ**
**за одржување на јавна расправа и достапност на документот “Листа за проверка со План за управување со животната средина и социјалните аспекти” во рамки на Проектот за локални патишта за поврзување во РСМ**

Во рамки на “Проектот за локални патишта за поврзување во РСМ” кој се реализира од Министерството за транспорт и врски со финансиска поддршка од Светска Банка, а со цел подобрување на локалната патна инфраструктура, Општина Кочани аплицираше со проект за рехабилитација на бул. Теодосија Паунов во град Кочани. Согласно барањата на Светска Банка беше подготвен документ “Листа за проверка со План за управување со животната средина и социјалните аспекти” во кој се анализирани влијанијата врз животната средина и социјалните аспекти кои ќе произлезат од реализацијата на проектот.

Документот “Листа за проверка со План за управување со животната средина и социјалните аспекти” е биде ставен на јавен увид на веб страните на: Министерството за транспорт и врски (http://www.mtc.gov.mk) и на Општина Кочани (http://opstinakocani.gov.mk), а исто така печатена копија ќе може да се види во Министерство за транспорт и врски на РНМ и Општина Кочани. Вашите коментари може да ги доставите во рок од 14 дена од поставување на документот на веб страна до Г-ѓа Харита Пандовска на следната e-mail адреса: harita.pandovska@mtc.gov.mk или во печатена форма да ги испратите на следната адреса: Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија, Даме Груев бр. 6 , 1000 Скопје.

Со цел презентирање на главните наоди од подготвениот документ “Листа за проверка со План за управување со животната средина и социјалните аспекти”, Министерството за транспорт и врски заедно со Општина Кочани ќе организираат јавна расправа на ден 12.11.2019 со почеток во 14.30 часот. Јавната расправа ќе се одржи во просториите на Општина Кочани.

Записник од јавната расправа ќе биде испратен до сите заинтересирани кои доставиле коментари преку нивните контакти (доставените e-mail адреси/поштенски адреси).

**Министерството за транспорт и врски**
**на Република Северна Македонија**


ПОЧЕТНА
ЗА КОЧАНИ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
АДМИНИСТРАЦИЈА
Е-ОПШТИНА
КОНТАКТ
Буџет на Општина Кочани
Економија
Образование
Култура
Спорт
Туризам
Публикации
УСЛУГИ
Урбанистички планови
Службен гласник
Инфо Кочани
Улично осветлување
Правилници и упатства
Формулари
Административни такси
Еднакви можности
ЕЛЕКТРОНСКА ПРИЈАВА
ПРИЈАВИ
ЈАВНА ОБЈАВА
ОБЈАВА ЗА ОТУЃУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ, СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПО ПАТ НА ЕЛЕК...
Nov 15, 2019
ОГЛАСИ / СООПШТЕНИЈА
ЈАВНА ОБЈАВА
ОБЈАВА ЗА ОТУЃУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ...
Nov 15, 2019
ПОЧНА ИЗГРАДБАТА НА ПАТОТ ОД ОРИЗАРИ ДО ...
Nov 14, 2019
ЈАВЕН ПОВИК ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ГРАЃАН...
Nov 11, 2019
ЈАВНА ОБЈАВА
ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА РАСПРА...


ПОЧЕТНА
ЗА КОЧАНИ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
АДМИНИСТРАЦИЈА
Е-ОПШТИНА
КОНТАКТ
КОЧАНИ
УСЛУГИ
ЕЛЕКТРОНСКА ПРИЈАВА
ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА РАСПРАВА И ДОСТАПНОСТ НА ДОКУМЕНТОТ "ЛИСТА ЗА ПРОВЕРКА СО ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И СОЦИЈАЛНИТЕ АСПЕКТИ" ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ ЗА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА ЗА ПОВРЗУВАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Nov 8, 2019
ИЗВЕСТУВАЊЕ

## Прилог 2 Листа на присутни на јавна расправа во општина Кочани на 12.11.2019

Проект за поврзување на локалните патишта

Листа на присутни

на Јавна расправа за "Листа за проверка со План за управување со животната средина и социјалните аспекти" во рамки на Проектот за локални патишта за поврзување во РСМ

Кочани (12.11.2019 год)

| Ред. Бр. | Име и презиме | Институција | Позиција | Контакт телефон | E-mail |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Драги Илиевски | Општина Кочани | раководител на одделение | 072 275 653 | [illegible]@gmail.com |
| 2 | Ристевски Пантов | Општина Кочани | соработник | 072-275-631 | [illegible]@kocani.gov.mk |
| 3 | Леша Георгиевска | Општина Кочани | Овл. Инспектор за животна сред. | 070/250-634 | lgeorgievska@kocani.gov.mk |
| 4 | Ѓорѓи Иванов | Општина Кочани | Соработник за сообраќај | 072-306-079 | gorgi.ivanov@gmail.com |
| 5 | [illegible] | Општина Кочани | раководител на одд. за [illegible] | 072/275-[illegible] | [illegible]@gmail.com |
| 6 | [illegible] Митева | Општина Кочани | соработник | 072-306-095 | [illegible]@kocani.gov.mk |
| 7 | [illegible] Георгиева | НВО | Претседател на „[illegible] Кочани" | 072 275 [illegible] | [illegible]@yahoo.com |
| 8 | Аника [illegible] | НВО [illegible] | [illegible] | 072-275-625 | anika.i[illegible]@kocani.gov |
| 9 | Марија [illegible] | Општина Кочани | [illegible] | 072-306-027 | marija@kocani.gov.mk |

1

Проект за поврзување на локалните патишта

| Ред. Бр. | Име и презиме | Институција | Позиција | Контакт телефон | E-mail |
|---|---|---|---|---|---|
| 10 | [illegible] Михајлов | Општина Кочани | соработник за [illegible] | | [illegible]@kocani.gov.mk |
| 11 | Влатко Димитров | Општина Кочани | пом. раков. на сектор | 072-275-603 | d.vlatko[illegible]@t-home.mk |
| 12 | Дејан Димитров | невработен | — | 075-248366 | deni.dimit[illegible]@gmail.com |
| 13 | [illegible] | Општина Кочани | Односи со јавноста | 072 306 081 | [illegible]@gmail.com |
| 14 | Андреј Киров | ЈП Водовод Кочани | директор | 070/336-169 | andrej_kirov@yahoo.com |
| 15 | [illegible] | Општина Кочани | ГР. | 070/213-060 | [illegible]@kocani.gov.mk |
| 16 | | | | | |
| 17 | | | | | |
| 18 | | | | | |
| 19 | | | | | |
| 20 | | | | | |

2

Прилог 3 Фотографии од одржана јавна расправа





